Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	СОВРЕМЕНИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ ВО ОРАЛНАТА ОНКОЛОГИЈА			
2.	Код	ДСОМП6			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болест на устата и пародонтот			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во	6			

	ЕКТС кредити	
8.	Наставник	Проф. д-р Вера Радојкова Николовска
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	целта на предметот е студентите да се запознаат со современите дијагностички трендови со цел успешна превенција и терапија на преканцерозните и малигните состојби во усната празнина.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - Епидемиологија на малигните и потенцијално малигните заболувања во оралната празнина и статистички индикатори на глобално ниво……..... 4 часа Резултати од 1 поглавје: студентот ќе се запознае со епидемиолошките карактеристики на премалигните и малигни орални заболувања. 2.Поглавје - Ризик фактори кои партиципираат во појавата на овие заболувања-пушење, злоупотреба на алкохол, хуман папилома вирус, ултравиолетова светлина, премалигни лезии, имунокомпетентност и други системски фактори. ……..……. 4 часа Резултати од 2 поглавје: студентот ќе се запознае со факторите на ризик за појава на преканцерозите и малигните орални заболувања. 3.Поглавје- Најчести орални преканцерозни лезии и нивната патохистолошка градација според СЗО;……..... 4 часа Резултати од 3 поглавје: студентот ќе се запознае градацијата на премалигните орални заболувања. 4.Поглавје- Можности за малигна трансформација на најчестите потенцијално малигни заболувања –леукоплакија, еритроплакија, лихен планус, орална субмукозна фиброза, дискоиден лупус еритематодес, dyskeraotisis congenita, епидермолизис булоса и др. .....….....4часа Резултати од 4 поглавје: студентот ќе се запознае со најчестите потенцијално малигни заболувања и можноста за нивна малигна трансформација. 5. Поглавје- Рана детекција на оралниот карцином преку посочувањето на два пристапи за откривање орална дисплазија и канцер: орални канцер скрининг програми кои ги идентификуваат сомнителните лезии кај асимптоматски пациенти и примена на специфични дијагностички методи и алатки за идентификација на дискластични промени и почетен орален карцином кај асимптомни пациенти со одредена орална абнормалност…… 4часа Резултати од 5 поглавје: студентот ќе се запознае со можностите за рано откривање на оралниот карцином и оралните канцер скрининг програми. 6. Поглавје-Скрининг методи во детекција на оралниот карцином и потенцијално малигните состојби: стандардизирани скрининг тестови, витални боења и средства за визуелизација;….....5 часа Резултати од 6 поглавје: студентот ќе се запознае со тестовите, начинот на витални боења и средства за визуелизација на малигните и потенцијално малигните заболувања во оралната празнина. 7. Поглавје-Ткивни молекуларни маркери, DNK image – цитометрија, средства за визуелизација- ViziLite системи, VELscope систем и Identafi 3000;……..... 5 часа

		Резултати од 7 поглавје: студентот ќе се запознае со типовите на молекуларни маркери, цитометријата и најчесто применуваните средства за визуелизација. 8. Поглавје- Оптички дијагностички технологии за рана дијагностика: in vivo Конфокална микроскопија, Мултифотонска микроскопија и Конфокална ласерскаендомикроскопија; …….…….....5 часа Резултати од 8 поглавје: студентот ќе се запознае со најновите оптички дијагностички средства и техники при дијагностицирање на оралните преканцерозни лезии и малигноми. 9. Поглавје-Плунката како дијагностичка алатка-неинвазивна алтернатива на серумското тестирање и ефективен модалитет за дијагностицирање, утврдување на прогнозата на оралниот карцином и следење на пост-терапискиот статус…….... 5часа Резултати од 9 поглавје: студентот ќе се запознае со можностите на неинвазивните саливарни техники како дијагностички алтернативни алатки. 10. Поглавје-Ткивна биопсија- златен стандарден критериум за скрининг на оралниот карцином. ……..... 5 часа Резултати од 10 поглавје: студентот ќе се запознае со значењето на ткивната биопсија и нејзината улога за правовремено и точно дијагностицирање на потенцијално малигните и малигните заболувања во оралната празнина. Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Современи дијагностички методи и пристап во оралната медицина.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20
	19.3.	Завршен испит: бодови	40

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)

				од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
				од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Maymone M et al.	Premalignant and malignant oral mucosal lesions: Clinical and pathological findings.	JAAD	2019
		2.	Kansara S, Sivam S.	Premalignant Lesions of the Oral Mucosa.	StatPears Publishing	2025
		3.	Macey R, Walsh T, Brocklehurst P, et al.	Diagnostic tests for oral cancer and potentially malignant disorders in patients presenting with clinically evident lesions.	Cochrane Database Syst Rev.	2015
		4.	Strome A et al.	Current Practice and Emerging Molecular Imaging Technologies in Oral Cancer Screening.	Mol Imaging	2018
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Dirk M Elston	Leukoplakia and Erythroplakia - Premalignant Squamous Lesions of the Oral Cavity Pathology	Medscape	2025
		2.	Yang EC et al	Noninvasive diagnostic adjuncts for the evaluation of potentially premalignant oral epithelial lesions: current limitations and future directions.	Oral Surg. Oral Med. Oral Pathol. Oral Radiol.	2018
		3.	Brendan Khong et al.	Past, Present, and Future Diagnostic Methods for the Early Noninvasive Detection of Oral Premalignant Lesions: A State of the Art and Systematic Review	Ear, Nose & Throat Journal	2024